Медиумите ја пренесоа веста од свеченото пуштање во употреба на новиот водовод во општина Јегуновце: „ Нов водовод за 11 населени места во општина Јегуновце “.

**Нов водовод за 11 населени места во општина Јегуновце**



Крај на проблемите со бактериолошко неисправната вода за пиење од постојниот водовод и бунарите треба да донесе новиот водовод за околу 8.500 жители во 11 населени места во општина Јегуновце кој денеска беше пуштен во употреба. Според градоначалникот на општината Тони Коцевски со проектот изграден е цевковод со должина од 17,5 километри, два резервоари со зафатнина од по 300 метри кубни, како и нов извор со издашност од околу 25 литри вода во секунда. Останува да се направат индивидуалните приклучоци за сите домаќинства и индустриски објекти во општината.

Извор: Сител, 23.10.2010

**Пуштен новиот водовод во Јегуновце**

Крај на проблемите со бактериолошко неисправната вода за пиење од постојниот водовод и бунарите. Овој проблем треба да биде решен со новиот водовод за 11 населени места од низинскиот дел на општина Јегуновце и кој денеска беше пуштен во употреба.

- Се изработи вкупен резервоар со капацитет од 300 метри кубни, височински резервоар од 300 метри вкупни, врски помеѓу нив како и магистрален цевковод до должина од околу 17,5 километри во сите 11 населени места од нашата општина, рече Тони Коцески, градоначалник на општина Јегуновце.

Извор: Канал 5, 23.10.2010

**Проектот за регулација на Вардар поевтин од штетите ?!**

По месеци молк, премиерот Груевски денеска најави дека од идната година, конечно ќе почне да се реализира проектот за регулација на речното корито на Вардар. Со него ќе се реши проблемот со поплавите во полошките села, со кои жителите се соочуваат секоја година. Премиерот уште по поплавите пролетта најави дека проектот ќе се разгледа на прва владина седница, но дури денеска изјави дека проектот бил разгледан и ќе се реализирал етапно.

Извор: Алфа, 23.10.2010

**Нов водовод за 11 населени места во општина Јегуновце**

Крај на проблемите со бактериолошко неисправната вода за пиење од постојниот водовод и бунарите треба да донесе новиот водовод за околу 8.500 жители во 11 населени места во општина Јегуновце кој денеска беше пуштен во употреба.
Според градоначалникот на општината Тони Коцевски со проектот изграден е цевковод

со должина од 17,5 километри, два резервоари со зафатнина од по 300 метри кубни, како и нов извор со издашност од околу 25 литри вода во секунда. Останува да се направат индивидуалните приклучоци за сите домаќинства и индустриски објекти во општината.

Извор: МИА, 23.10.2010

**Јегуновце гради водовод за 12 села**

ТЕТОВО - Прв приоритет на руралната општина Јегуновце е обезбедување чиста вода за пиење во сите населени места, а особено во Поселието. Во овој реон се гради регионален водовод за 11 села од општината Јегуновце и уште едно од соседната Желино. Реализацијата на комуналниот објект се очекува да финализира до средината на наредната година.

Извор: Утрински весник, 25.10.2010

**Пуштен во употреба новиот водовод за 11 населени места во општина Јегуновце**



[illegible]